ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0203-1502/3
Дата, Data 25-02-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 41 став 2 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод и канализација -Скопје на својата втора седница одржана на ден 25.02.2022 година, го дава следното

# МИСЛЕЊЕ

1. Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод и канализација – Скопје ја разгледа Годишната сметка со остварениот вкупен приход и распределба на вкупниот приход во ЈП Водовод и канализација -Скопје за 2021-ва година, при што е утврдено дека податоците во Годишната сметка се прикажани согласно извршениот попис и книговодствените податоци и одговараат на фактичката состојба на Претпријатието.

Годишната сметка е изготвена согласно Маѓународните сметководствените стандарди (МСС) односно Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) и законските прописи.

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење дава ПОЗИТИВНО мислење за Годишната сметка на ЈП Водовод и канализација Скопје за 2021-ва година и му предлага на Управниот одбор да ја усвои.

2. Ова мислење да се достави до Управниот одбор.

Надзорен одбор за контрола на
материјално-финансиското работење
Претседател,
Никола Несторовски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-150/13
Дата, Data 25-02-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија и член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, Управниот Одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје на својата четврта седница, одржана на ден 25.02.2022 година донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Годишната сметка на ЈП Водовод и канализација Скопје за 2021 година

Член 1

Се усвојува Годишната сметка на ЈП Водовод и канализација – Скопје за 2020 година, со остварен финансиски резултат од работењето и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. Остварен приход | 1.590.988.019,00 |
| 2. Остварени расходи | 1.639.572.613,00 |
| 3. Загуба пред оданочување | 48.584.594,00 |
| 4. Данок на добивка | 18.603.185,00 |
| 5.Загуба по оданочување | 67.187.779,00 |

Член 2

Согласно член 11 од Законот за јавни претпријатија се задолжува Директорот на Претпријатието да ја достави Годишната сметка до Советот на Град Скопје за давање согласност.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Në bazë të nenit 19 të Ligjit për ndërmarrjet publike dhe nenit 25 të Statutit

të NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" – Shkup, Këshilli drejtues i NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" – Shkup, në seancën e katër të mbajtur më datën 25.02.2022, solli këtë:

VENDIM
për miratim të Llogarisë vetore të NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" për vitin 2021

Neni 1

Miratohet Llogaria vjetore e NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" – Shkup për vitin 2021, me rezultatet e realizuara financiare nga funksionimi, me sa vijon:

| | |
|---|---|
| 1.Të ardhura të realizuara | 590.988.019,00 |
| 2. Shpenzime të realizuara | 1.639.572.613,00 |
| 3.Humbja para tatimimit | 48.584.594,00 |
| 4.Tatimi i fitimit | 18.603.185,00 |
| 5.Fitimi pas tatimimit | 67.187.779,00 |

Neni 2

Në pajtim me pajtim me nenin 11 të Ligjit për ndërmarrjet publike, detyrohet Drejtori i Ndërmarrjes që ta dorëzoj Llogarinë vjetore deri te Këshilli i Qytetit të Shkupit për dhënie pëlqim.

Neni 3

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit.

УПРАВЕН ОДБОР
KËSHILLI DREJTUES
Претседател/Kryetar,
Идриз Орана/Idriz Orana

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDËRMARRJA PUBLIKE • ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ
SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-1501/7
Дата, Data 25-02-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација - Скопје на својата четврта седница одржана на ден 25.02.2022 година донесе

Në bazë të nenit 25 të Statutit të NP Ujësjellës dhe Kanalizimi Shkup, Bordi Drejtues i NP Ujësjellës dhe Kanalizimi - Shkup në seancën e tij katër të mbajtur më 25.02.2022, soli

# ОДЛУКА

за усвојување на белешки кон финансиски извештаи за 2021 година споредени со 2020 година на ЈП Водовод и канализација Скопје

# VENDIM

për miratimin e shënimeve për pasqyrat financiare për vitin 2021 krahasuar me vitin 2020 të NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup

## Член 1

Се усвојуваат белешките кон финансиските извештаи за 2021 година споредени со 2020 година на ЈП Водовод и канализација Скопје, изготвени според Меѓународните сметководствени стандарди.

## Neni 1

Miratohen shënimet për pasqyrat financiare për vitin 2021 krahasuar me vitin 2020 të NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup, të përgatitura sipas Standardeve Ndërkombëtare të Kontabilitetit.

## Член 2

Белешките кон финансиските извештаи за 2021 година споредени со 2020 година на ЈП Водовод и канализација Скопје се составен дел на оваа Одлука.

## Neni 2

Shënimet për pasqyrat financiare për vitin 2021 krahasuar me vitin 2020 të NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup janë pjesë integrale e këtij Vendimi.

## Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Neni 3

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij.

УПРАВЕН ОДБОР
KËSHILLI DREJTUES
Претседател/Kryetar,
Идриз Орана/Idriz Orana

JАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-1501/8
Дата, Data 25-02-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација - Скопје на својата четврта седница одржана на ден 25.02.2022 година донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Извештај за промени на капиталот и резервите на ЈП Водовод и канализација -Скопје за финансиската 2021 година

Член 1
Се усвојува Извештајот за промени на капиталот и резервите на ЈП Водовод и канализација Скопје за финансиската 2021 година изготвен според Меѓународните сметководствени стандарди.

Член 2
Извештајот за промени на капиталот и резервите на ЈП Водовод и канализација Скопје за финансиската 2021 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 3
Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Në bazë të nenit 25 të Statutit të NP Ujësjellës dhe Kanalizimi Shkup, Bordi Drejtues i NP Ujësjellës dhe Kanalizimi - Shkup në seancën e tij e katër të mbajtur më 25.02.2022, soli

VENDIM
për miratimin e Raportit për ndryshime të kapitalit dhe rezervave të NP Ujësjellës dhe Kanalizime - Shkup për vitin financiar 2021

Neni 1
Miratohet Raporti për ndryshime të kapitalit dhe rezervave të NP Ujësjellës dhe Kanalizime - Shkup për vitin financiar 2021 i përgatitur sipas Standardeve Ndërkombëtare të Kontabilitetit.

Neni 2
Raporti për ndryshime të kapitalit dhe rezervave të NP Ujësjellës dhe Kanalizime - Shkup për vitin financiar 2021 është pjesë integrale e këtij Vendimi.

Neni 3
Ky vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij.

УПРАВЕН ОДБОР
KËSHILLI DREJTUES
Претседател/Kryetar,
Идриз Орана/Idriz Orana

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-1501/6
Дата, Data 25-02-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација - Скопје на својата четврта седница одржана на ден 25.02.2022 година донесе

Në bazë të nenit 25 të Statutit të NP Ujësjellës dhe Kanalizimi Shkup, Bordi Drejtues i NP Ujësjellës dhe Kanalizimi - Shkup në seancën e tij e katër të mbajtur më 25.02.2022, soli

# ОДЛУКА
## за усвојување на Извештај за готовинските (парични) текови на ЈП Водовод и канализација -Скопје за финансиската 2021 година

# VENDIM
## për miratimin e Raportit për parave të gatshme rrjedhet të NP të Ujësjellës Kanalizimeve - Shkup për vitin financiar 2021

Член 1

Се усвојува Извештајот за готовинските (парични) текови на ЈП Водовод и канализација - Скопје за финансиската 2021 година изготвен според Меѓународните сметководствени стандарди.

Neni 1

Miratohet Raporti për parave të gatshme (para) rrjedhet të NP të Ujësjellës Kanalizimeve - Shkup për vitin financiar 2021 i përgatitur sipas Standardeve Ndërkombëtare të Kontabilitetit.

Член 2

Извештајот за готовинските (парични) текови на ЈП Водовод и канализација -Скопје за финансиската 2021 година е составен дел на оваа Одлука.

Neni 2

Raporti për parave të gatshme (para) rrjedhet të NP të Ujësjellës Kanalizimeve - Shkup për vitin financiar 2021 është pjesë integrale e këtij Vendimi.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Neni 3

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij.

УПРАВЕН ОДБОР
KËSHILLI DREJTUES
Претседател/Kryetar,
Идриз Орана/Idriz Orana

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • NDËRMARJA PUBLIKE UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-1501/4
Дата, Data 25-02-2022
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 483 став 2 од Законот за трговски друштва, член 19 од Законот за јавните претпријатија и член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје на својата четврта седница одржана на ден 25.02.2022 година донесе

ОДЛУКА
за покривање на загубата по годишната сметка за 2021 година

Член 1
Остварената загуба по Годишната сметка за 2021 година во износ од 67.187.779,00 денари да се покрие од акумулирана добивка (конто 95000).

Член 2
Согласно член 11 од Законот за јавни претпријатија се задолжува вд директорот на претпријатието да ја достави оваа одлука до Советот на град Скопје за давање согласност.

Член 3
Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Në bazë të nenit 483, paragrafi 2 të Ligjit për Shoqëritë tregtare, nenit 19 të Ligjit për ndërmarrjet publike si dhe në bazë të nenit 25 të Statutit të NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" – Shkup, Këshilli drejtues i NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" – Shkup, në seancën e katër të mbajtur më datën 25.02.2022, solli këtë:

VENDIM
për mbulimin e humbjes sipas llogarisë vjetore për vitin 2021

Neni 1
Humbja e realizuar sipas Llogarisë vjetore për vitin 2021, në shumën prej 67.187.779,00 denarë, të mbulohet nga fitimi i akumuluar (konto 95000).

Neni 2
Në pajtim me nenin 11 të Ligjit për ndërmarrjet publike, detyrohet u.d. Drejtor i Ndërmarrjes që ta dorëzoj këtë vendim deri te Këshilli i Qytetit të Shkupit, për marrje të pëlqimit.

Neni 3
Ky vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit.

УПРАВЕН ОДБОР
KËSHILLI DREJTUES
Претседател/Kryetar,
Идриз Орана/Idriz Orana

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDËRMARJA PUBLIKE
СКОПЈЕ
SHKUP

# ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

**ЗА 2021 СПОРЕДЕНИ СО 2020 год.**

**НА ЈП " ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА "**

**СКОПЈЕ**

**Февруари, 2022**

JAВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-1560/4
Дата, Data 22-02-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

# ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

- **Назив на друштвото, форма на трговско друштво, број на регистарска влошка во Трговски регистар**

Јавно претпријатие Водовод и канализација – Скопје
Решение број 08-8405/1 од 17.11.2017 година и Решение број 08-8440/1 од 20.11.2017 година
ЕДБ 4030992177811
ЕМБС 4528999

- **Седиште**

Ул.Лазар Личеноски бр.9 Скопје – Центар

- **Промени во регистарската влошка во Трговскиот регистар до периодот на известување;**

- **Позначајни дејности кои ги извршува**

Основна дејност на Претпријатието е:

36 Собирање, обработка и снабдување со вода
36.0 Собирање, обработка и снабдување со вода
36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода

37 Отстранување на отпадни води
37.0 Отстранување на отпадни води
37.00 Отстранување на отпадни води

Покрај основната дејност, Претпријатието обавува и други дејности:

43.2 Електроинсталатерски, водоводни и канализациски инсталации и други градежни работи
43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација, плин и инсталации за греење и клима уреди

71 Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа

71.1 Архитектонски дејности и инженерство и со нив поврзано техничко советување
71.11 Архитектонски дејности
71.12 Инженерство и со него поврзано техничко испитување

71.2 Техничко испитување и анализа
71.20 Техничко испитување и анализа

**Број на вработени спрема степен на образование**

| Степен на образование | Број на вработени |
|---|---|
| ВСС | 199 |
| ВШС | 2 |
| ССС | 714 |
| ВКВ | 170 |
| КВ | 62 |
| ПК | 77 |
| НК | 0 |
| Вк. | 1225 |

- **Сопственичка структура**

ЈП„Водовод и канализација“ Скопје е основано и е во сопственост на Совет на Град Скопје со адреса на ул.Градски Парк бб Скопје.

## 2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА

- **Изјава за усогласеност (врз основа на кои стандарди е подготвена годишната сметка)**

Годишната сметка е изготвена во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), односно Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) и други законски прописи што се во сила и досегашните методи и постапки користени во претпријатието.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

- **Краток опис на позначајните сметководствени политики кои се применети во двата пресметковни периоди во годишната сметка (за приходите, расходите, нематеријалните средства, материјалните средства, побарувањата и обврските и друго)**

ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Нематеријално средство е определено немонетарно (непарично) средство кое нема физичка содржина и кое се користи за производство или испорака на стоки или услуги, за изнајмување на други лица или за административни цели.

Нематеријалните средства ги опфаќаат патентите и лиценците, за заштитните знаци и имиња, авторски права, трошоци за истражување и развој, компјутерски софтвер и гудвил.

ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Материјалните средства се признаваат како средства според трошокот на набавката, во согласност со условите за признавање кои се наведени во МСС 16 – Недвижности, постројки и опрема.

ПОЛИТИКА НА ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Долгорочните хартии од вредност можат да бидат должнички (обврзници, варанти, фјучерси, опции и други) и сопственички (обични и приоритетни акции).

ПОЛИТИКА НА ЗАЛИХИ

Залихите на материјали, суровини и резервни делови се искажуваат по стварни цени и пресметка на трошоците се врши со примена на просечни цени по пооделни видови на залиха.

ПОЛИТИКА НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Побарувањата од купувачите по основ на продажба се признаваат во моментот на нивно настанување и издавање соодветен документ, фактура или сметка.

ПОЛИТИКА НА ПАРИ ВО БАНКА И БЛАГАЈНА

Парите на сметката во денари во банките се водат во номинални износи според доставениот извод за состојбите и прометот на тие сметки.

Парите во благајна во денари се искажуваат во номинална вредност. Висината на благајничкиот максимум се одредува со посебна одлука.

ПОЛИТИКА НА ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД
(АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА)

Платените трошоци однапред за наредниот период, се искажуваат како активни временски разграничувања, а се пресметуваат како трошоци на периодот на кој се однесуваат.

ПОЛИТИКА НА КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

Капиталот на основачот се искажува на посебна сметка.

Резервите се искажуваат по номинална вредност и тоа посебно: законски резерви, статутарни резерви и другите резерви.

ПОЛИТИКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА ИСКАЖАНАТА ДОБИВКА-ЗАГУБА

Во деловните книги на Претпријатието посебно се искажува добивката, акумулираната (нераспределената) добивка, а посебно искажаната загуба од работењето.

Искажаната загуба од работењето се покрива од добивката, односно сите позиции на капиталот, вклучувајќи ги резервите, по одлука на Управниот одбор, а во согласност со Закон.

ПОЛИТИКА НА ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

Обврските врз основа на: заеми (обврски спрема кредитни институции), примени аванси, обврски спрема добавувачи и останати долгорочни обврски, се искажуваат по номинална вредност зголемена со камата согласно склучениот договор.

ПОЛИТИКА НА КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Обврските врз основа на: заеми (обврски спрема кредитни институции), примени аванси, депозити и гаранции, обврски спрема добавувачи, вработени, обврски за даноци, придонеси и други давачки – обврски врз основа на резултатот, како и други видови краткорочни обврски, се искажуваат во вредност која е искажана на соодветен документ, зголемена за камата согласно склучениот договор и законските прописи.

ОДНАПРЕД НАПЛАТЕНИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ
(ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА)

На товар на пресметковниот период се пресметуваат трошоците за кои не постојат соодветни сметководствени исправи, за да можат да се признаат како обврска, а за кои со сигурност може да се утврдат дека се однесуваат на тековниот пресметковен период.

ПОЛИТИКА НА ПРИХОДИ

Приходите ги опфаќаат приходите и добивките.

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест или побарувањето.

ПОЛИТИКА НА РАСХОДИ

Расходите опфаќаат загуби и расходи кои настануваат како последица на редовна активност.

**4. КОРИСТЕНИ ПРОЦЕНКИ**

- **Применети методи на значајни проценки кои се применети (за нематеријални и материјални средства, приходи, расходи и друго).**

**5. ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И КОРЕКЦИИ НА ГРЕШКИ**

- **Опис на промената или корекцијата (врз основа на кој стандард или друга законска регулатива е настаната промената) за кои позиции на годишната сметка се однесуваат и квантифицирани ефекти од извршената промена или корекција.**

**6. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК**

- **Опис на ризикот (кредитен ризик, пазарен ризик, ризик на ликвидност) и користени методи за мерење на ризикот и квантифицирани информации за ризикот.**

## 7. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| *7. Нематеријални средства* | Патенти и лиценци | Гудвил | Софтвер | Останати средства | Средства во подготовка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2021 (тековна година) | 0 | 0 | 87,658,532 | 0 | 34,179,000 | 121,837,532 |
| Зголемување | 0 | 0 | 16,472,601 | 0 | 0 | 16,472,601 |
| Намалување | 0 | 0 | 4,692,974 | 0 | 0 | 4,692,974 |
| Салдо на 31 Декември 2021 (тековна година) | 0 | 0 | 99,438,159 | 0 | 34,179,000 | 133,617,159 |
| | | | | | | |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2021 (тековна година) | 0 | 0 | 53,895,694 | 0 | 0 | 53,895,694 |
| Амортизација | 0 | 0 | 11,037,412 | 0 | 0 | 11,037,412 |
| Намалување | 0 | 0 | 4,692,974 | 0 | 0 | 4,692,974 |
| Салдо на 31 Декември 2021 (тековна година) | 0 | 0 | 60,240,132 | 0 | 0 | 60,240,132 |
| | | | | | | |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2021 (тековна година)*** | ***0*** | ***0*** | ***39,198,027*** | ***0*** | ***34,179,000*** | ***73,377,027*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2021 (тековна година)*** | ***0*** | ***0*** | ***33,762,838*** | ***0*** | ***34,179,000*** | ***67,941,838*** |
| | | | | | | |
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (претходна година) | 0 | 0 | 59,105,871 | 0 | 39,411,334 | 98,517,205 |
| Зголемување | 0 | 0 | 31,867,593 | 0 | 4,749,667 | 36,617,260 |
| Намалување | 0 | 0 | 3,314,932 | 0 | 9,982,001 | 13,296,933 |
| Салдо на 31 Декември 2020 (претходна година) | 0 | 0 | 87,658,532 | 0 | 34,179,000 | 121,837,532 |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Исправка на вредноста** | | | | | | 0 |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (претходна година) | 0 | 0 | 43,165,936 | 0 | 0 | 43,165,936 |
| Амортизација | 0 | 0 | 14,044,690 | 0 | 0 | 14,044,690 |
| Намалување | 0 | 0 | 3,314,932 | 0 | 0 | 3,314,932 |
| Салдо на 31 Декември 2020 (претходна година) | 0 | 0 | 53,895,694 | 0 | 0 | 53,895,694 |
| | | | | | | |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2020 (претходна година)*** | ***0*** | ***0*** | ***33,762,838*** | ***0*** | ***34,179,000*** | ***67,941,838*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2020 (претходна година)*** | ***0*** | ***0*** | ***15,939,935*** | ***0*** | ***39,411,334*** | ***55,351,269*** |

## 8. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| *8. Материјални средства* | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2021 (тековна година) | 23,189,845 | 7,446,651,253 | 1,220,846,398 | 293,861,375 | 8,984,548,871 |
| Зголемување | 0 | 88,521,561 | 103,520,422 | 125,530,590 | 317,572,573 |
| Намалување | 0 | 298,611 | 35,026,163 | 87,114,396 | 122,439,170 |
| Салдо на 31 Декември 2021 (тековна година) | 23,189,845 | 7,534,874,203 | 1,289,340,657 | 332,277,569 | 9,179,682,274 |
| | | | | | |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2021 (тековна година) | 0 | 5,018,488,870 | 759,137,806 | 0 | 5,777,626,676 |
| Амортизација | 0 | 131,683,300 | 86,605,083 | 0 | 218,288,383 |
| Намалување | 0 | 298,611 | 34,265,966 | 0 | 34,564,577 |
| Салдо на 31 Декември 2021 (тековна година) | 0 | 5,149,873,559 | 811,476,923 | 0 | 5,961,350,482 |
| | | | | | |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2021 (тековна година)*** | ***23,189,845*** | ***2,385,000,644*** | ***477,863,734*** | ***332,277,569*** | ***3,218,331,792*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2021 (тековна година)*** | ***23,189,845*** | ***2,428,162,383*** | ***461,708,592*** | ***293,861,375*** | ***3,206,922,195*** |
| | | | | | |
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (претходна година) | 23,189,845 | 7,303,757,901 | 1,104,986,474 | 324,837,960 | 8,756,772,180 |
| Зголемување | 0 | 142,893,352 | 128,512,446 | 109,714,452 | 381,120,250 |
| Намалување | 0 | 0 | 12,652,522 | 140,691,037 | 153,343,559 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Салдо на 31 Декември 2020 (претходна година) | 23,189,845 | 7,446,651,253 | 1,220,846,398 | 293,861,375 | 8,984,548,871 |
| | | | | | |
| **Исправка на вредноста** | | | | | 0 |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (претходна година) | 0 | 4,886,543,082 | 697,757,968 | 0 | 5,584,301,050 |
| Амортизација | 0 | 131,945,788 | 73,708,180 | 0 | 205,653,968 |
| Намалување | 0 | 0 | 12,328,342 | 0 | 12,328,342 |
| Салдо на 31 Декември 2020 (претходна година) | 0 | 5,018,488,870 | 759,137,806 | 0 | 5,777,626,676 |
| | | | | | |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2020 (претходна година)*** | ***23,189,845*** | ***2,428,162,383*** | ***461,708,592*** | ***293,861,375*** | ***3,206,922,195*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2020 (претходна година)*** | ***23,189,845*** | ***2,417,214,819*** | ***407,228,506*** | ***324,837,960*** | ***3,172,471,130*** |

9. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

| *9. Биолошки средства* | Недовршени земјоделски производи | Основно стадо | Обртно стадо | Повеќегодишни насади | Средства во подготовка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2021 (тековна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Зголемување како резултат на набавки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Намалување како резултат на продажби | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Состојба на 31 Декември 2021 (тековна година)*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *Нетековни средства* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *Тековни средства* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Вкупно биолошки средства 2021*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Состојба на 1 Јануари 2020 (претходна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Зголемување како резултат на набавки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Намалување како резултат на продажби | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Промена на вредноста на биолошките средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Состојба на 31 Декември 2020 (претходна година)*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Нетековни средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Тековни средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Вкупно биолошки средства 2020*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## 10. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

| **10. Долгорочни финансиски средства** | **Тековна година** | **Претходна година** |
|---|---|---|
| Вложувања во акции | 1,650,655 | 1,681,183 |
| **Вкупно:** | **1,650,655** | **2,110,482** |
| Број на обични акции | **1,493** | **1,493** |

## 11. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| **11. Побарувања од купувачи** | **Тековна година** | **Претходна година** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 4,257,096,139 | 3,996,059,491 |
| Побарувања од купувачи во странство | 0 | 0 |
| Застарени, сомнителни и спорни побарувања | 358,359,531 | 360,548,110 |
| Вредносно усогласување на побарувања | 4,028,702,329 | -3,711,643,000 |
| **Вкупно:** | **8,644,157,999** | **644,964,601** |

## 12. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| **11. Парични средства** | **Тековна година** | **Претходна година** |
|---|---|---|
| Парични средства на денарски сметки | 31,573,550 | 62,734,395 |
| Парични средства во денарска благајна | 47,555 | 45,027 |
| Девизна сметка | 10,942 | 1 |
| Девизна благајна | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **31,632,047** | **62,779,423** |

## 13. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Основна главнина

| Родови на акции | Во сопственост на | | | Состојба | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2021 (тековна година)** | | **01.01.2021** | **%** | **зголемување** | **намалување** | **31.12.2021** | **%** |
| Обични акции | Физички лица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Правни лица | 1,972,180,218 | 100 | 0 | 0 | 1,972,180,218 | 100 |
| | Откупени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Приоритетни акции | ФПИО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | **1,972,180,218** | **100** | **0** | **0** | **1,972,180,218** | **100** |

| Родови на акции | Во сопственост на | | | Состојба | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2020 (претходна година)** | | **01.01.2020** | **%** | **зголемување** | **намалување** | **31.12.2020** | **%** |
| Обични акции | Физички лица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Правни лица | 1,972,180,218 | 100 | 0 | 0 | 1,972,180,218 | 100 |
| | Откупени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Приоритетни акции | ФПИО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | **1,972,180,218** | **100** | **0** | **0** | **1,972,180,218** | **100** |

## 14. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

| **Обврски со рок на достасување над 5 години:** | | | |
|---|---|---|---|
| **Вид на обврска** | **Вид на обезбедување** | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Обврски према поврзани друштва | | 0 | 0 |
| Обврски кон добавувачи | | 0 | 0 |
| Обврски према поврзани друштва по основ на заеми и кредити | | 0 | 0 |
| Обврски по основ на кредити | Залог на недвижен имот (идна градба), Залог врз правото на долготраен закуп врз земјиштето | 104,796,022 | 157,194,034 |
| Обврски по основ на заеми | | 0 | 0 |
| Останати долгорочни обврски | | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | **104,796,022** | **157,194,034** |

## 15. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| **15. Краткорочни обврски према добавувачи** | **Тековна година** | **Претходна година** |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 390,984,599 | 283,567,713 |
| Добавувачи во странство | 2,156 | 0 |
| Добавувачи за нефактурирани стоки | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **390,986,755** | **283,567,713** |

## 16. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ

| **16. Краткорочни обврски по заеми и кредити** | **Тековна година** | **Претходна година** |
|---|---|---|
| Краткорочни обврски по заеми и кредити према поврзани друштва | 0 | 0 |
| Краткорочни кредити во земјата | 52,398,012 | 39,298,509 |
| Краткорочни кредити во странство | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **52,398,012** | **39,298,509** |

## 17. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| **17.Приходи од продажба** | **Тековна година** | **Претходна година** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба во земјата | 1,423,424,608 | 1,401,895,126 |
| Приходи од продажба во странство | 30,027 | 14,157 |
| **Вкупно:** | **1,423,454,635** | **1,401,909,283** |

## 18. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| **18.Останати приходи** | **Тековна година** | **Претходна година** |
|---|---|---|
| Приходи од наемнини | 60,504 | 69,100 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 120,165,771 | 125,241,630 |
| Приходи од државни поддршки | 25,160,313 | 43,431,941 |
| **Вкупно:** | **145,386,588** | **168,742,671** |

## 19. ОСТАНАТИ РАСХОДИ

| 19. Останати расходи | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Транспортни услуги | 7,362,058 | 6,375,011 |
| Трошоци за саеми | 0 | 0 |
| Наемнина | 515,850 | 343,412 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 286,313 | 187,049 |
| Трошоци за членови на органот на управување, надзорниот одбор и за членовите на останатите органи | 2,530,409 | 2,464,421 |
| Трошоци за промоција, пропаганда и реклама | 206,987 | 1,408,003 |
| Премии за осигурување | 1,563,986 | 1,870,686 |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 6,444,715 | 5,035,579 |
| Трошоци за ревизија | 275,000 | 238,000 |
| Трошоци за останати интелектуални услуги | 106,211,900 | 73,453,940 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 343,085,364 | 278,268,563 |
| Загуби од отуѓување на нетековни средства | 0 | 0 |
| Останати расходи | 14,406,375 | 10,964,997 |
| **Вкупно останати оперативни расходи** | **482,888,957** | **380,609,661** |

## 20. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

| 20.Трансакции со поврзани друштва | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Побарувања по основ на купопродажни односи | 1,545,140,387 | 1,443,961,544 |
| Обврски по основ на купопродажни односи | 1,497,926,429 | 1,427,053,041 |
| Приходи од продажба на готови производи | 70,147,419 | 46,376,271 |
| Приходи од продажба на стоки | 0 | 0 |

Изработил:С.Малинова
Проверил:Л.Јовановска
Одобрил: Стефан Вангелски
Р.Стоилковска

ЈП„Водовод и канализација“Скопје
вд Директор
М-р Златко Перински

# ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ НА**

**ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА-СКОПЈЕ**

**ЗА ФИНАНСИСКАТА 2021 ГОДИНА**

**Февруари, 2022**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-1560/2
Дата, Data 22-02-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ ЗА ГОДИНАТА ШТО ЗАВРШУВА НА 31.12.2021 И 2020*

Почетната состојба на контата за капиталот на ЈП Водовод и канализација, како и сите промени во текот на 2021 год.се следните:

| Рб | К-то | Позиција | Аоп | 31.12.2020 | Зголему-вање | Намалу-вање | 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 9004 | Државен јавен капитал | 066 | 1.933.710.753 | - | - | 1.933.710.753 |
| 2. | 9005 | Државен јавен капитал за распоред на добивка или загуба | 066 | 38.469.466 | - | - | 38.469.466 |
| 3. | | ***Вкупно капитал*** | ***066*** | ***1.972.180.219*** | **-** | **-** | ***1.972.180.219*** |
| 4. | 9400 | Законски резерви-1/10 задолжителни од државниот јавен капитал | 072 | 394.436.044 | - | - | 394.436.044 |
| 5. | 9421 | Слободни резерви-акции по вредност на Македонска берза за хартии од вредност | 074 | 642.558 | - | - | 642.558 |
| 6. | 9422 | Резерви за инвестициски вложувања/ реинвестирана добивка | 074 | 151.520.334 | 59.595.847 | - | 211.116.181 |
| 7. | | ***Вкупно резерви*** | ***071*** | ***546.598.936*** | ***59.595.847*** | **-** | ***606.194.783*** |
| 8. | 95000 | Акумулир. Добивка до 31.12.2008 | 075 | 446.031.836 | - | - | 446.031.836 |
| 9. | 95001 | Акумулир. Добивка од 01.01.2009 | 075 | 78.731.318 | - | - | 78.731.318 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | | ***Вкупно акумулирана добивка*** | ***075*** | ***524.763.154*** | - | - | ***524.763.154*** |
| 11. | 9610 | ***Нето добивка за претх. година (2020)*** | ***077*** | 59.595.847 | - | 59.595.847 | - |
| 12. | | ***Вкупно Нето добивка за претходна година(2020)*** | ***077*** | ***59.595.847*** | - | ***59.595.847*** | - |
| 13. | | ***ВКУПНО КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ*** | | ***3.103.138.156*** | ***59.595.847*** | ***59.595.847*** | ***3.103.138.156*** |
| | | | | | | | |
| 14. | | ***Вкупно нето загуба за тековна година(2021)*** | ***078*** | - | ***67.601.828*** | - | ***67.601.828*** |

На позицијата под број 1 е евидентиран капиталот на ЈП Водовод и канализација Скопје, кој е во износ од 1.933.710.753 денари.

На позиција број 2 евидентиран е износ од 38.469.466 ден., уште во 2005 година како резултат на распределбата на добивката. Истиот не бележи никакви промени во годините што следат, а се однесува на Државен јавен капитал – за распоред на добивка или загуба.

На позиција број 3 – Вкупен капитал, искажан е износ од 1.972.180.219 ден., кој го преставува збирно државниот јавен капитал на ЈП Водовод и канализација Скопје.

На позиција број 4 - евидентирани се Законските резерви на конто 9400 кои по член 485 од Законот за трговски друштва, предвидува дека резервата треба да се зголемува при остварување на добивка од тековна година, се додека не достигне 1/5 од основачкиот капитал. Во 2012 година, резервата од 1/5 од основачкиот капитал е намалена на 1/10 од основната главнина, согласно измената на Законот за трговски друштва - Службен весник 166/12.

Бидејќи оваа законска обврска во ЈП Водовод и канализација е исполнета, оваа година од остварената добивка нема да се издвојува никаков износ на ова конто.

На позиција број 5 – конто 9421 - Слободни резерви – акции по Извештај за имател со состојба на 31.12.2021 година од Централниот депозитар, евидентирани се следните акции од:

| ***Назив на фирма*** | ***Номинална вредност*** | ***Износ*** |
|---|---|---|
| Вабтек МЗТ | 51.13 EUR | 421 |
| МЗТ Заеднички работи | 50 EUR | 110 |
| Сковин | 310 MKD | 954 |
| МЗТ Енергетика | 100 DEM | 8 |

На позицијата број 6 – конто 9422 – Резерви за инвестициски вложувања/реинвестирана добивка евидентиран е износ од 211.116.181,00 денари, кој се однесува на извршените вложувања за развојни цели во 2018 и 2020 година, за кои е искористена можноста за намалување на даночната основа за 2018 и 2020 година, согласно член 28 од ЗДД и член 7 од ПДД.

На позицијата број 7 евидентиран е вкупниот износ на резервите.

На позиција број 8 и 9 конто 95000 и 95001 – Акумулирана добивка, евидентна е акумулираната добивка од минати години, која во текот на 2021 година нема никакви промени.

Контото 9500 – Акумулирана добивка е поделено во две категории, согласно потребите за Управата за јавни приходи. Имено новоотворените конта се однесуваат на Акумулираната добивка до 31.12.2008 година (конто 95000) и Акумулирана добивка од 01.01.2009 година (конто 95001).

Позицијата под реден број 10 се однесува на вкупно акумулираната добивка.

На позиција 11 и 12 искажана е нето добивката за 2020 година на износ 59.595.847 ден., која претставува разлика помеѓу поголеми вкупни приходи од расходи, после пресметан данок на добивка за 2020 год.

На позиција бр.13 дадена е вкупната вредност на капиталот на сите конта, на 31.12.2020 год., на износ од 3.103.138.156 ден., зголемувањето на капиталот во 2021 год., на износ 59.595.847 ден., намалувањето на капиталот во 2021 год., на износ 59.595.847 ден., и состојбата на капиталот на 31.12.2021 год. на износ од 3.103.138.156 ден.

На позиција бр.14 искажана е нето загуба за 2021 год., на износ од 67.601.828 ден.

Изработил:С.Малинова
Контролирал:Л.Јовановска
Одобрил: Стефан Вангелски
Р.Стоилковска

ЈП„Водовод и канализација“Скопје
вд Директор
М-р ЗлаткоПерински

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDERMARJA PUBLIKE • ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP

# ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИТЕ(ПАРИЧНИ)ТЕКОВИ**

**НА ЈП " ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА " СКОПЈЕ**

**ЗА ФИНАНСИСКАТА 2021 ГОДИНА**

**Февруари, 2022**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-1560/3
Дата, Data 22-02-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИ (ПАРИЧНИ) ТЕКОВИ НА ЈП " ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА " - СКОПЈЕ ЗА ФИНАНСИСКАТА 2021 И 2020 ГОДИНА

| ПОЗИЦИЈА | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| ***А . Парични текови од оперативни активности*** | | |
| *Парични наплати* | | |
| 1. Парични наплати од купувачите | 2.252.333.732 | 2.180.676.722 |
| 2. Прилив од останати оперативни приходи | 14.989 | 25.384 |
| 3. Прилив по основ на книжни одобренија | 603.438 | 459.160 |
| 4. Прилив по основ на непознати и погрешни уплати | 696.062 | 1.253.006 |
| 5.Прилив по основ на поврат на ДДВ од донации | 111.240 | - |
| 6. Прилив по основ на судски трошоци и камати по судски предмети | 1.342.617 | 3.870.260 |
| 7. Надомест на штети | 611.990 | 608.574 |
| 8. Поврат на побарувања од вработени | 50.551 | 66.080 |
| 9. Доделена финансиска помош | - | 33.386.000 |
| 10.Прилив по основ на поврат од поврзани субјекти | 33.661 | 8.782.651 |
| 11.Прилив по основ на заштита од ризик | - | 58.325 |
| 12.Поврат на позајмица | 33.818 | - |
| *Вкупно парични наплати од оперативни активности:* | *2.255.832.098* | *2.229.186.162* |
| ***Вкупно парични наплати:*** | ***2.255.832.098*** | ***2.229.186.162*** |
| | | |
| *Парични исплати* | | |
| 1. Исплатени средства за услуги | 390.067.367 | 345.430.002 |
| 2. Исплатени средства за набавка на добра | 158.518.103 | 144.354.492 |
| 3. Исплатени парични средства на поврзани субјекти | 836.198.894 | 836.148.206 |
| 4. Исплатени трошоци за вработени | 600.991.316 | 610.118.148 |
| 5. Исплатени средства на членови на Управен и Надзорен одбор | 2.277.391 | 2.221.000 |
| 6. Поврат на погрешни уплати | 452.430 | 987.386 |
| 7. Исплатена провизија | 1.277.607 | 913.637 |
| 8. Исплата на повеќе наплатени парични средства | 6.421.202 | 4.939.595 |
| 9.Исплатени спонзорства и донации | 2.675.063 | 450.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. Исплатени судски трошоци | 3.505.149 | 3.065.074 |
| 11. Исплати на останати оперативни трошоци | 2.458.951 | 2.649.033 |
| 12. Исплата по основ на даноци | 25.272.340 | 15.886.126 |
| 13.Исплатена камата по основ на долгорочен кредит и казнени камати | 8.069.068 | 10.661.951 |
| 14. Исплатени обврски по основ на долгорочен кредит | 39.298.509 | 10.341.714 |
| 15. Исплатен средства на Фонд за води и Фонд за отпадни води | 13.396.077 | 11.180.881 |
| *Вкупно парични исплати од оперативни активности* | *2.090.879.467* | *1.999.347.245* |
| ***А . Нето готовина од оперативни активности*** | ***164.952.631*** | ***229.838.917*** |
| ***Б . Парични текови од инвестициони активности*** | | |
| Набавка на основни средства | (196.100.007) | (212.415.270) |
| ***Б . Нето готовина во инвестициони активности*** | **(196.100.007)** | **(212.415.270)** |
| ***Г . Нето зголемување/опаѓање на пари и парични еквиваленти*** | ***(31.147.376)*** | ***17.423.647*** |
| ***Д . Парични средства на почетокот на годината*** | ***62.779.423*** | ***45.355.776*** |
| ***Ѓ . Парични средства на крајот на годината*** | ***31.632.047*** | ***62.779.423*** |

Извештајот за паричните текови е класифициран преглед кој ги прикажува изворите кои на деловниот субјект му обезбедуваат готовина (парични приливи) и употребата на таа готовина од негова страна (парични одливи).

Извештајот за паричните текови, всушност е анализа на ликвидноста со која се искажуваат промените во состојбата на средствата и изворите од првиот ден на тековниот период (почетна состојба) до последниот ден на тековниот (пресметковен) период. Разликата во однос на почетната состојба укажува на вишок или кусок на извори на финансирање на работењето, а структурата на изворите укажува на промената на квалитетот на изворите на финансирање.

Извештајот за парични текови претставува збир на податоци за паричните приливи и паричните одливи во текот на пресметковниот период, истовремено покажувајќи податок за состојбата со паричните средства на крајот и на почетокот на пресметковниот период.

МСС 7 ги дефинира паричните текови како приливи и одливи на паричните средства и еквиваленти на паричните средства.

Извештајот на паричните текови се состои од три дела:

- парични текови од оперативни (деловни) активности;
- парични текови од вложувачки (инвестициони) активности;
- парични текови од финансиски активности.

Состојбата на паричните средства на 01.01.2021 година во ЈП Водовод и канализација изнесува 62.779.423 денари, намалувањето во текот на 2021 година изнесува 31.147.376 денари и салдото на 31.12.2021 година изнесува 31.632.047 денари.

Состојбата на паричните средства на 01.01.2020 година во ЈП Водовод и канализација изнесува 45.355.776 денари, зголемувањето во текот на 2020 година изнесува 17.423.647 денари и салдото на 31.12.2020 година изнесува 62.779.423 денари.

### *А. Парични текови од оперативни активности*

Паричните текови од оперативни активности произлегуваат од главните активности, што носат приходи на еден деловен субјект, односно од редовното работење на субјектот. Нето готовината од оперативните активности претставува разлика помеѓу паричните приливи и одливи од оперативните активности.

Паричните приливи од оперативни активности во ЈП Водовод и канализација Скопје, во најголем дел произлегуваат од наплатени побарувања од купувачите, прилив по основ на наплатени камати и судски трошоци и останати приливи.

Првата позиција во рамките на Оперативните приливи се однесува на наплатените побарувања од редовните и тужени сметки за вода и фактури за услуги од купувачите од домаќинство и стопанство, како и наплатата на камати за задоцнето плаќање на сметки.

Во втората позиција – Останати оперативни приливи, во најголем износ евидентирани се поврат на провизии, вратени уплати и сл.

На третата позиција се евидентирани повратени средства по основ на книжни одобренија.

Четвртата позиција се однесува на евидентирани погрешни уплати, кои не се однесуваат за ЈП Водовод и канализација и кои најчесто се веднаш вратени на уплатувачот и уплати од непознати комитенти. Враќањето на средствата од оваа категорија е прикажана во делот на Оперативните исплати како шеста позиција.

Петтата позиција се однесува на поврат на ДДВ по основ на дадена донација за која е добиено Решение од Министерството за правда дека е од јавен интерес.

Шестата позиција се однесува на прилив по основ на наплата на камата и трошоци по судски предмети, како и камати од редовното работење со банките на редовните и наменски сметки.

Седмата позиција се однесува на прилив по основ на штети од осигурителни компании за оштетена опрема, возила и слично.

Осмата позиција се однесува на поврат на средства од вработени по основ на надминати лимити, исплатено колективно осигурување на вработени кои се непрекинато на боледување подолг период и сл.

Деветата позиција се однесува на прилив на средства во 2020 година кои се доделуваат како еднократна финансиска помош на јавните комунални претпријатија, членки на АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги за Република Северна Македонија и доделена субвенција од Совет на Град Скопје, за потешкотии во работењето поврзано со одржувањето на фонтаните. Во 2021 година нема уплати од оваа категорија на приливи.

На позицијата под реден број 10, евидентиран е прилив на средства од поврзани субјекти, кој вообичаено се префрла по Протокол, како разлика помеѓу повеќе префрлените средства на ЈП Комунална Хигиена и помалку наплатените побарувања за смет од коминетнтите.

На позицијата под реден број 11 евидентирани се наплатени средства по основ на заштита од ризик.

На позицијата под реден број 12, евидентиран е поврат на позајмени средства од минати години.

Вкупните парични наплати од оперативни активности во 2021 година изнесуваат 2.255.832.098 и се во поголем износ од наплатите во 2020 година за 26.645.936, кога вкупните наплати од оперативни активности изнесуваат 2.229.186.162 денари.

Паричните исплати од оперативни активности вклучуваат плаќање на фактури за набавени залихи и извршени услуги, исплати на плати, надомести и други лични примања, плаќање на даноци и камати и слично.

Првата позиција од категоријата Парични исплати од оперативни активности се однесува на исплатени средства за извршени услуги: електрична енергија, интернет, мобилна и фиксна телефонија, рекламирање, репрезентација и сл.

Во втората позиција евидентирани се исплатените парични средства на добавувачи за набавка на суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар.

Исплатените средства во третата позиција се однесуваат на префрлените средства на ЈП Комунална хигиена Скопје и ЈП Паркови и зеленило Скопје. Имено обврски по основ на редовни сметки кон наведените претпријатија се евидентира месечно врз основа на пресметаниот износ за смет – обврска кон ЈП Комунална хигиена и врз основа на пресметаниот надомест за ЈП„Паркови и зеленило“

Скопје – обврска кон ЈП „Паркови и зеленило“. Исплатата на средствата се врши врз основа на износот на наплатените побарувања од купувачи. По истата аналогија се евидентираат и исплаќаат тужените обврски.

Исплатените трошоци на вработените се однесуваат на исплатените плати, надоместоци, придонеси и даноци од плати, како и останати надомести по основ на отпремнини, помош на семејства во случај на смрт на вработен или член на семејство, дневници за службени патувања во земјата и странство и други надоместоци.

Петтата позиција се однесува на ислатени средства на членовите од Управниот и Надзорниот одбор на ЈП„Водовод и канализација“ Скопје.

Шестата позиција се однесува на исплатите по основ на погрешни уплати. Приливот по овој основ е прикажан во рамките на приливите од оперативни активности.

Седмата позиција се однесува на исплатената провизија по основ на работењето со банките кај редовните и наменските сметки.

Осмата позиција се однесува на исплата(поврат) на комитентите по основ на повеќе уплатени парични средства од нивна страна, поради повеќе паушално фактурирани кубици.

Во деветтата позиција евидентирани се исплати за спонзорства и донации. 2021 година бележи зголемување кај оваа категорија на исплати, поради исплатените средства за Комуналијада на Синдикатот на работниците на ЈП „Водовод и канализација“ Скопје.

Исплатените судски трошоци по тужени предмети за наплата на побарувања се евидентирани на позицијата под број 10.

Во рамките на исплатените останати оперативни трошоци, во најголем износ извршени се исплати по основ на надомест на штети и исплатен главен долг по пресуди, средства за решенија, лиценци, тековни состојби, изводи, сертифицирање, вештачење и сл.

На позиција под реден број 12 евидентирани се плаќањата по основ на Данок на додадена вредност, Данок на добивка, исплатени месечни аконтации за Данокот на добивка.

На позиција под реден број 13 евидентирани се исплати по основ на камата за склучен долгорочен кредит за доизградба на Управната зграда на ЈП Водовод и канализација и казнени камати поради неисполнување на склучените договори.

Исплатата на обврските по горенаведениот долгорочен кредит се евидентирани на позиција под реден број 14.

На последната позиција евидентирани се исплатените средства за Фондот за води и Фондот за отпадни води.

Вкупните парични исплати од оперативни активности во 2021 година изнесуваат 2.090.879.467 денари и се во поголем износ од исплатите во 2020 година, кога вкупните исплати од оперативни активности изнесуваат 1.999.347.245 денари.

Ефектот од ***А.Паричните текови од оперативни активности*** е позитивен за 2021 година и изнесува 164.952.631 денари.

Напоменуваме дека позитивниот паричен тек од оперативни активности претставува добар показател за редовното работење на Претпријатието, од аспект на тоа што во нормални околности се очекува Претпријатието од овие активности да генерира позитивни парични текови.

***Б.Парични текови од инвестициони активности***

Паричните приливи и одливи од вложувачки активности вклучуваат приливи, односно одливи од продажба/набавка на недвижности, постројки и опрема, продажба/набавка на акции и обврзници на други компании и слично.

Во категоријата на исплатени парични текови од вложувачки активности, евидентирани се исплатите по основ на новонабавени основни средства во текот на 2021 година – материјални и нематеријални средства. Истите изнесуваат 196.100.007 денари и се со негативен предзнак. Во 2021 година, евидентирани се помалку исплатени средства за 16.315.263 денари од 2020 година, кога по овој основ исплатите изнесуваат 212.415.270 денари.

Изработил:С.Малинова
Контролирал:Л.Јовановска
Одобрил: Стефан Вангелски
Р.Стоилковска

ЈП„Водовод и канализација“Скопје
вд Директор
М-р Златко Перински